Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 16.12.2019

На 16.12.2019 во 00:30 часот на ул. „Киро Ристевски-Дрнц" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Л.Р.(18), Х.З.(20) и Л.М.(20), тројцата од Тетово, затоа што при преглед кај нив е пронајдена марихуана. Тројцата биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосното документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2019 во 16.30 часот во хотел во Стар Дојран од слобода бил лишен Ј.И.(26) од Авганистан поради незаконски влез во Р.С.Македонија. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 15.12.2019 во 21.30 часот во хотел во Битола од слобода бил лишен Р.Б.Ј.(29) од Куба поради незаконско преминување на државната граница и незаконски престој во Р.С.Македонија. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Битола за понатамошна постапка.

На 15.12.2019 во периодот од 08.00 до 14 часот на подрачјето на Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Велес спроведена е локална акциска контрола за брзо возење и притоа се откриени осум прекршоци за кои се поднесени соодветни пријави.

На 15.12.2019 околу 06.10 часот во село Николиќ, дојранско, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило „форд‟ со гевгелиски регистерски ознаки, управувано М.Н.(41) од село Николиќ и трактор без регистерски ознаки, управуван од Д.Т.(56) од село Николиќ. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на тракторот, кој бил пренесен во Здравствен дом Гевгелија за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа на Полициска станица Гевгелија.

На 15.12.2019 во 10.40 часот во Полициската станица Центар, А.В.(61) од Скопје пријавил дека на Кеј „13-ти Ноември‟ бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на изминатиот викенд на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и од сообраќај се исклучени 12 возачи од кои: шест возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол и шест возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и шест возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се три возачи поради поминување на крстосница на црвено светло и три возачи поради недавање првенство на минување на пешаци. Во текот на изминатите денови 162 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 15.12.2019 во 19.20 часот на локален пат во населба Илинден, Скопје, патничко моторно возило „голф‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од М.В.(21) од с.Марино, скопско, удрило во пешак С.С.(79) од населба Илинден, кој починал на местото на настанот. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 15.12.2019 во 18.05 часот на брегот на Охридското езеро кај населбата „Лагадин‟, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода М.П.(38) и Н.Г.(28), двајцата од охридското село Пештани, поради незаконит риболов. Притоа, кај нив биле пронајдени и одземени: уловена риба охридска белвица, четири рибарски мрежи во различна големина, како и друга риболовна опрема. Тие биле приведени во полициска станица и по

целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.12.2019 во 16.15 часот полициски службеници од Полициската станица Свети Николе ја лишиле од слобода А.П.(19) од с.Горобинци, светиниколско, поради постоење основи на сомение за сторено кривично дело „кражба". Таа, на 15.12.2019 во 01.00 часот отишла во куќа сопственост на М.Ј.(79) на ул.„4-ти Јули" во Свети Николе и под изговор дека и било ладно, побарала да влезе и да се стопли. М.Ј. ја пуштил внатре и во еден момент кога излегол од собата, од дрвено сандаче одзела пари во износ од 301.700 денари во разни апоени, по што ја напуштила куќата. Парите му биле вратени на сопственикот, а против А.П. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 14.12.2019 во Полициската канцеларија Самоков, Б.М.(46) од с.Косово, општина Македонски брод, пријавил дека по патот за с.Брест пронашол артилериска граната 75 мм од Првата светска војна. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување од Кичево гранатата била безбедно подигната.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола за време на викендот извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека 14 возила биле нерегистрирани, 15 возачи управувале возило без возачка дозвола, 16 возачи биле под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, четири возачи зборувале на мобилен телефон, а девет возачи не користеле сигурносен појас. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 15.12.2019 во СВР Велес било пријавено дека во Општата болница во Велес бил донесен О.П.(62) од с.Чолошево, велешко, кој имал повреда на левата рака од огнено оружје. Според неговиот исказ, тој сам се повредил при лов. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2019 на ул.„30-ти Јули" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.М.(37) од Куманово поради тоа што физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија во неговиот дом, по претходна поплака од него против неговата мајка. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2019 во 18.00 часот во СВР Скопје, Ф.С.(26) од Скопје пријавил дека во 17.00 часот на ул.„Жан Жорез", поради претходна расправија, бил физички нападнат од С.М. од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.12.2019 во 16.30 часот во СВР Скопје, К.Н.(42) од Скопје пријавил дека на 14.12.2019 околу 23.00 часот пред угостителски објект на ул.

„Митрополит Теодосиј Голаганов‟ неговиот 17 годишен син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2019 околу 05.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на ул.„Анастас Митрев‟, К.П.(37) од с.Глуво, скопско, Ј.Б.(29) од с.Бразда, скопско и Г.Д.(37) од Скопје биле физички нападнати од Д.Н. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2019 во 17.15 часот во СВР Скопје, П.А.(21) од Скопје пријавила дека на ул.„51‟ во с.Волково, скопско, М.Х.(25) од Скопје бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2019 околу 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Амдипашина џамија на ул.„Шуто Оризари‟ во Скопје настанал пожар, при што изгорела помошна просторија. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.

На 15.12.2019 во 12.50 часот на ул.„Кирил и Методиј‟ во Скопје, Б.С.(30) од Скопје се однесувал агресивно и навредувал полициски службеник, кој вршел службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.12.2019 околу 04.30 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека настанал пожар во напуштен објект на ЈП „Македонски железници‟ - поранешна железничка станица Прдејци, во кој бесправно живееле С.Т.(62) од с.Прдејци, М.У.(46) од Валандово и неговите две деца. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Гевгелија. Увид бил извршен, а повредени лица нема. Се прземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2019 во 12.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека по тргнување од Железничка станица Куманово, на стојалиште Превој, непознати лица извршиле каменување на товарен воз кој сообраќал на релација Табановце-Скопје-Југ. Притоа, била предизвикана материјална штета, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2019 полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.К.(54) од Скопје поради тоа што околу 12.00 часот со своето возило „Мерцедес‟ со скопски регистарски ознаки, на булевар „Партизански одреди‟ не застанал на знак за запирање од полициска службеничка и со возилото ја удрил. После тоа, И.К. го напуштил местото, но набргу потоа бил пронајден. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

korupcija

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)